ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр.08-8644/1
09.10.2018 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 02-727/2
9.10 2018 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ**

---

# МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ И СОРАБОТКА

*Склучен во Скопје на 9октомври 2018 година, помеѓу:*

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-Скопје,**
(адреса: ул. „16-та Македонска Бригада" бр.3-Скопје)

претставуван од Проф.д-р Вјекослав Танасковиќ, Декан

и

**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - Скопје**
(адреса: ул.Петар Дељан бр.17 -Скопје)

претставуван од Филип Темелковски, Градоначалник на Општина Кисела Вода

## I. Цел на Меморандумот за соработка

Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје (ФЗНХ)

и

Општина Кисела Вода -Скопје

се согласуваат дека:

Сакаат активно да придонесат во унапредување на деловното опкружување, благосостојба и просперитет, на тој начин што ќе ги насочат своите напори кон поттикнување на заедничка иновативна соработка и афирмација во областите од заеднички интерес, посебно во областа на образовните и иновативно –развојни процеси, со акцент на кариерен развој на младите, како и во унапредувањето на односите со пошироката деловна и граѓанска заедница, пред се преку корпоративно делување во Општина Кисела Вода и Градот Скопје, но и пошироко, заедничко делување во Република Македонија, со меѓународни организации и со други институции од заеднички интерес.

**Член 1**

Заедничките активности ќе се спроведуваат преку сеопфатно и квалитетно реализирање на програмските активности на Факултетот за земјоделски науки и храна со Кариерниот центар на ФЗНХ и потребите и интересот на Општина Кисела Вода преку организирање на специфични заеднички проекти со цел поттикнување на одржлив развој во руралниот и урбаниот дел на општината со приоритет на иновативно-кариерно вклучување на студентите во целиот процес на соработка.

**Член 2**

Страните потписнички на овој Меморандум:

- Ќе соработуваат преку взаемна размена на информации од областите од заеднички интерес,
- Ќе работат на имплементација на заеднички проекти, дефинирани со проектни планови во кои ќе бидат прецизирани правата и обврските на секој партнер.

Начинот на организирањето на проектните активности ќе бидат предмет на посебни проектни договори, преку Кариерниот центар на ФЗНХ и соодветно одреден заеднички координативен тим, со предлог на акционен план за престоен период по соодветно предложени и планирани активности.
Во случај некоја од планираните активности да резултираат со приход и трошок, партнерите заеднички ќе го дефинираат буџетот, а преку тоа и обврските и придобивките на двата партнера.
Партнерите се согласуваат да обезбедат заедничка соработка во своето делување преку взаемно информирање, афирмација на професионалната етика и кодексите на добро општествено и деловно однесување.
Доколку за време на валидноста на овој Меморандум трета страна е заинтересирана да финансира одредени активности во рамките на преземените проекти, тоа ќе биде регулирано со изменувања и дополнувања опишани во анекс на овој Меморандум.

**Член 3**

Вклучените страни се согласуваат на професионална етика и дискретност-дека нема да откријат евентуално доверливи информации директно или индиректно поврзани со заедничките проекти на било кое лице, освен на лица овластени од страните потписнички.
Под доверливи информации се подразбираат сите податоци што потписниците меѓусебно ги споделуваат за време на спроведувањето на проектни активности, класифицирани информации, како и интелектуалната сопственост што ја поседуваат или користат.

**Член 4**

Страните потписнички се согласуваат да постапуваат во согласност со членот 3 став еден од овој Меморандум за целото времетраење на договорената соработка, како и неограничен временски период по завршувањето на проектните активности.

**Член 5**

Страните потписнички се претставени од лицата потписници на овој Меморандум за разбирање и соработка.
Секоја од страните-потписнички на овој Меморандум, со писмено известување до другата страна, назначува дополнителни претставници овластени да ја застапуваат за сите потреби освен извршување на формални дополнувања на овој Меморандум за разбирање и соработка.
Секоја вклучена страна во писмена форма ја известува другата за промена на своите овластени претставници.

**Член 6**

Страните – потписнички на овој Меморандум се согласни сите измени и дополнувања на овој Меморандум за разбирање и соработка да биде взаемно усогласена од двете страни и изразена во анекс.
Меморандумот за разбирање и соработка важи до неговото отповикување од страна на една од неговите потписнички, со писмена изјава доставена до другата страна.

**Член 7**

Овој Меморандум за разбирање и соработка е изготвен во 4 (четири) примерока, од кои по 2 (два) за секоја страна на овој Меморандум.
Овој Меморандум за разбирање и соработка влегува во сила на денот на потпишувањето.

Скопје, 09.10.2018 година

| ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ | ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-Скопје |
| --- | --- |
| Градоначалник<br>Филип Темелковски | Декан<br>Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ |